Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:________
Рок на чување:________ год.
________ 20___ год.
Потпис,
________

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-11**
**Датум: 9.2.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Центар за едукација и иновативно учење СТЕМ ЛАБ – Тетово **(во натамошен текст: Центар)** |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Илинденска" бр.6 – кул.1/лок.6, Тетово |
| Адреса за е-пошта | ktfilmmedia@gmail.com |
| Телефон | (071) 668-068 **и** (070) 840-640 |
| Матичен број на субјектот | 7281994 |
| Даночен број на субјектот | 4028018534955 |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | АД ХАЛКБАНК Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | | | |
| Име и презиме, претседател | | Телефон | | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 8.2.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 9.2.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | НИП „Нова Македонија" службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот | Дејности на други организации врз база на ачленување неспомнати на друго место шифра:94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 – Скопје |

3) Инспекциски надзор е извршен врз основа на:

-Налог Ип.1 бр. 57-11 од 7.2.2022 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор, а во врска со иницијативата бр. 21-14288/1 од 15.12.2021 г., од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е дополнително составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

4) Предмет на вонредниот инспекциски надзор, којшто е планиран со Месечниот план за работа бр.57-49/2 од 2.2.2022 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за м.Февруари е во однос на спроведувањето на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на Р. Северна Македонија, преку Министерството за култура за учество во финансирање на Проектот „Да Винчи“ согласно со Договорот бр. 20-6933/1 од 20.5.2021 г., од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарна дејност за 2021 година и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

5) **Основ**: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор: не употребена Листата за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

**Забелешка:** При надзорот, не беше присутен претседателот на Центарот [redacted], од приватни причини, а за време на надзорот присуствуваше сопственикот на Центарот кој воедно е и носител на Проектот [redacted] кој ја презентираше потребната документација за реализација на Проектот.

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] сопственик и носител на проектот | [redacted] | [redacted] |
| | | |
| | | |

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба**:

-Видно од апликацијата/пријавата Уп1. 21-1250 од 12.11.2020 година, Центарот конкурирал до Министерството за култура со Проектот „Да Винчи" (со вкупно побаран буџет за истиот од 678.200 денари) од областа на Интердисциплинарна дејност а со Решението за прифаќање на проектот Уп1. 21-1250/2020 од 23.2.2021 година, бил избран Проектот „Да Винчи" како проект од национален интерес во културата за 2021 година и се доделени средства за истиот во износ од 250.000 денари.

- Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, Центарот на 20.5.2021 г. до МК има доставено БАРАЊЕ за исплата на средства, заведено со приемен штембил на МК под бр. 21- 6874/1 од 20.5.2021 за целосна исплата на одобрените стредства, односно 250.000 денари за реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 20.5.2021 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 250.000 денари (Хонорар за координатор на проектот професор по физика 70.000 денари, Хонорар за универзитетски професор по хемија 30.000 денари, Хонорар за универзитетски професор по ликовно 30.000 денари, Хонорар за универзитетски професор по физика 30.000 денари, Хонорар за филмски режисер 30.000 денари, Хонорар за универзитетски професор по хемија 30.000 денари, Набавка на материјали за изработка на уметничките дела за изложбата и припрема 20.000 денари и Организирање на свечено отварање на изложба 10.000 денари).

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2021 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2021 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Центарот до МК има доставено Наративен и финансиски извештај за реализација на Проектот „Да Винчи“ заведено со приемен штембил на МК под бр. 21 -.12666/1 од 1.11.2021 г, што значи дека Центарот ја има исполнето оваа обврска согласно член 5 став (4) од Годишниот договор.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Користење на одобрените средства**

**(Програма – Интердисциплинарна дејност)**

Согласно со Годишниот договор бр. 20-6933/1 од 20.5.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Центарот му биле одобрени 250.000 денари а со Решение бр.20-6933/2 од 10.9 2021 г., авансно се преведени 175.000 денари за реализација на Проектот **„Да Винчи"**.

При надзорот беше утврдено дека Центарот покрај средствата од МК, имал обезбедено и сопствени средства во износ од 123.000 денари (банковен извод бр.1 од 21.6.2021) за реализација на Проектот со кои Центарот исплатил на доверителот „ПРО ВИН" ДООЕЛ од Тетово 120.000 денари за набавка на работи и други придружни материјали за роботи по ф-ра бр.103/2021 од 7.14.2021 г.,(видно од банковен извод бр.2 од 14.7.2021) и на доверителот „И - ПОИНТ МАРКЕТИНГ" ДОО Тетово за банер со печат 3.000 денари по ф-ра бр.065-07-2021 од 6.7.2021г., (видно од банковен извод бр.2 од 14.7.2021).

Трошењето на средства во износ од **175.000 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Сликоманија" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Набавка на материјали за изработка на уметничките дела | 20.000 | По ф-ра бр.221201629 од 21.9.2021 (Банковен извод бр.4 од 21.9.2021) |
| 2. | „И- ПОИНТ МАРКЕТИНГ ДОО Тетово | Организација за свечено отварање на изложбата „Да Винчи" | 10.000 | По ф-ра бр.090-09-2021 од 22.9.2021 г., (Банковен извод бр.5 од 24.9.2021) |
| 3. | Физичко лице Професор по физика | Хонорар за координатор на проект „Да Винчи" | 55.000 | По претходно склучен договор бр.05-001-04/21 од 26.4.2021 исплатено на трансакциска с-ка со платен персонален данок(Банковен извод бр.5 од 24.9.2021) |
| 4. | Физичко лице Универзитетски | Хонорар за предавање и дополнителни | 30.000 | По претходно склучен договор бр.05-001-01/21 од 26.4.2021 исплатено на трансакциска с-ка со платен |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | професор по хемија | консултации за проектот | | персонален данок(Банковен извод бр.5 од 24.9.2021) |
| 5. | Физичко лице Универзитетски професор по физика | Хонорар за предавање и дополнителни консултации за проектот | 30.000 | По претходно склучен договор бр.05-001-03/21 од 26.4.2021 исплатено на трансакциска с-ка со платен персонален данок(Банковен извод бр.5 од 24.9.2021) |
| 6. | Физичко лице Професор по хемија | Хонорар за предавање и дополнителни консултации за проектот | 30.000 | По претходно склучен договор бр.05-001-06/21 од 26.4.2021 исплатено на трансакциска с-ка со платен персонален данок(Банковен извод бр.5 од 24.9.2021) |
| | **Вкупно: исплатени средства 175.000 денари** | | **175.000 денари** | |

Центарот го реализирал горе наведениот проект во своите деловни простории во Тетово (во период од 5.7.2021 до 4.10.2021) и тоа на 4 и 5.7.2021 година на социјалните мрежи било објавено логото за проектот „Да Винчи“ и почетокот на проектот за ученици и студенти, на 10.7.2021 била регистрација за присуство на учесниците, на 12.7.2021 објавена била листата на предавања на професорите и работилниците од 14-16.7.2021 одржани биле 5 предавања и работилници со физичко присуство на 20 лица, од 16.7.2021 до 25.9.2021 учениците и студентите ги реализирале своите уметнички дела инспирирани од предавањата и научниот концепт.На 4.10.2021 г. било отварањето на изложбата која траела 3 дена, за истата имало и видео запис на делата, а биле доделени и сертификати за учесниците кои беа презентирани при надзорот (фотографии од настанот, објави од медиумите на социјалните мрежи, промотивен матерјал сертификат) како доказ за одржаниот проект.

При надзорот од страна на присутното лице по основ на ненамирени обврски за проектот во износ од 75.000 денари и тоа:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Физичко лице филмски режисер | Хонорар за предавање и дополнителни консултации за проектот | 30.000 денари по претходно склучен договор бр.05-001-05/21 од 26.4.2021 |
| 2. | Физичко лице универзитетски професор по | Хонорар за предавање и дополнителни консултации за проектот | 30.000 денари по претходно склучен договор бр.05-001-02/21 од 26.4.2021 |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ликовно | | |
| 3. | Физичко лице [redacted] Професор по физика | Доплата на Хонорар за координатор на проект „Да Винчи" | 15.000 денари По претходно склучен договор бр.05-001-04/21 од 26.4.2021 |
| | | **Вкупно:** | **75.000 денари** |

Имено, при надзорот е утврдено дека Центарот го реализирало проектот **„Да Винчи"** а авансно преведените средства во вкупен износ од 175.000 денари ги потрошило наменски.

Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на Центарот од аспект на примена на Законот за култура, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

10) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен Корисникот, односно субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

11) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

- ________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова |
| Датум: | 15/02.2022 г. | Датум: | 9.2.2022 г. |

Присутно лице: [redacted]



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk